РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-956/4
22.02.2022 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 26 седница одржана на 24.11.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Комјутески науки, насока: Развој на софтвер и апликации", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Комјутески науки, насока: Развој на софтвер и апликации", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по Комјутески науки, област: Развој на софтвер и апликации /во меѓународен промет академски студии назив: Master in computer science, module: Software and application development.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно-математички науки, 2 Техничко-технолошки науки

Научно – истражувачко поле: 110 Информатика, 212 Компјутерска техника и информатика,.

Научно – истражувачка област: 11000 Информатика, 11002 Информациони системи и програмирање, 11003 Програмски јазици и системи, 11007 Алгоритми, 11008 Оптимизација, 11010 Развивање на сифтвер и бази на податоци, 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациони системи и мрежи, 21203 Бази на податоци, 21204 Обработка на информации, 21206 Процесирање на податоци.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08 - 1889/5 од 16.07.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Комјутески науки, насока: Развој на софтвер и апликации", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-3335/2 од 06.10.2020 година (наш бр. 08 - 956/1 од 07.10.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 19.10.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 956/3 од 24.01.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 26 - та седница одржана на 24.11.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски